36310

Вечер, Скопје, 20.X., 1988, 7848, 14

# ПОДАРОК НА МСУ ОД ДИМИТРОС КСОНОГЛУ

**● ОВОЈ ГРЧКИ АВТОР СВОЕТО ДЕЛО ГО ПОСВЕТИ НА МАКЕДОНСКИОТ СКУЛПТОР ДИМО ТОДОРОВСКИ**

Грчкиот ликовен уметник **Димитрос Ксоноглу**, кој заедно со Ели Крисиду, веќе еден месец има изложба во Музејот на современа уметност во Скопје, деновиве на овој скопски Музеј му подари едно од изложените дела.

Димитрос Ксоноглу сликата, што му ја подари на МСУ, ја посвети на македонскиот скулптор **Димо Тодоровски** инспириран од неговото творештво.

Со овој последен подарок ќе биде збогатена збирката на МСУ на современото грчко сликарство, кое брои над педесетина дела од реномирани грчки творци.

**В. С.**